Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

# Д Е К Л А Р А Ц И Ј А

## за активна заштита на животната средина и ублажување на климатските промени

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на владата на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

*Препознавајќи* ја важноста на заштитата на животната средина како основа за остварување и заштита на човековите права;

*Имајќи го предвид* правото на здрава животна средина воспоставено со Уставот на Република Северна Македонија;

*Нагласувајќи ја* важноста на меѓународните договори од областа на животната средина и климатските промени ратификувани од Собранието на Република Северна Македонија, а особено Декларацијата на Организацијата на Обединетите нации за човековата околина (Стокхолмска декларација), Декларацијата на Организацијата на Обединетите нации за животната средина и развој (Рио декларација), Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во процесот на донесување одлуки и пристапот до правда во работи поврзани со животната средина (Архуска конвенција), Рамковната конвенција на Организацијата на Обединетите нации за климатски промени и Договорот од Париз склучен во рамките на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени;

*Нагласувајќи ја* важноста на меѓународните договори од областа на заштита на човековите права ратификувани од Собранието на Република Северна Македонија, а особено Европската конвенција за човековите права и практиката на Европскиот суд за човековите права;

*Имајќи ја предвид* определбата за пристапување кон Европската Унија и значењето на Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија, Зелениот договор на Европската Унија, Зелената агенда за Западен Балкан и acquis communautaire на Европската Унија од областа на животната средина и климатските промени;

*Признавајќи ги* предизвиците со кои се соочува македонското општество во однос на заштитата на животната средина;

Ние, долупотпишаните градоначалници:

1. Се залагаме на преземање активни мерки за намалување на емисиите на стакленички гасови за 55% до 2030 година споредено со емисиите од 1990 година.
2. Се обврзуваме дека активно ќе работиме на спроведување на Зелената агенда за Западен Балкан
3. Се залагаме за активна соработка со Владата и Министерството за животна средина и просторно планирање за унапредување на заштитата на животната средина
4. Се обврзуваме за зајакнување на капацитетите, стручноста и ефикасноста на спроведувањето на надлежностите за заштита на животната средина на локално ниво
5. Се обврзуваме дека ќе ги преземеме сите можности за непосредно учество на локалното население во донесувањето одлуки поврзани со животната средина

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на владата на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Дополнително ќе биде доставена верзија на Албански јазик**

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на владата на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.